**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 10-308/5**
**Скопје, 28.04.2005 година**

**ДО**
**ДИРЕКТОРОТ НА ЈП "СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ц.о.**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈП "Службен весник на Република Македонија"ц.о.-Скопје за 2004 година, кои се прикажани на страните од 3 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на ЈП" Службен весник на Република Македонија" ц.о.-Скопје за годината која и предходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Борис Тренески - Директор од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.03.2005 до 18.03. и од 25.03. до 05.04.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Максим Ацевски, Помошник главен државен ревизор;
   - Љубинка Здравеска, Овластен државен ревизор;
   - Биљана Арсовска, Помлад ревизор;
   - Катерина Ристовска, Помлад ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја преставуваат вистинито и објективно, во сите значајни аспекти финансиската состојба на ЈП "Службен весник на Република Македонија" ц.о.-Скопје под 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај ЈП "Службен весник на Република Македонија" ц.о.-Скопје остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2004 година.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 28.04.2005 година**

**Максим Ацевски**

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2004 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | Образло-женија | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 80,132 | 69,894 |
| Останати деловни приходи | 3.2. | 410 | 832 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | | **80,542** | **70,726** |
| Материјални трошоци | 3.3. | 14,578 | 20,008 |
| Трошоци за бруто плати | 3.4. | 18,300 | 23,025 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 3.5. | 5,959 | 5,781 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 3.6. | 1,659 | 2,730 |
| Останати оперативни трошоци | 3.7. | 4,867 | 4,622 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | | **45,363** | **56,166** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3.8. | 3,257 | 1,163 |
| Приходи од учества на вложувања | 3.9. | 40 | 27 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 3.10. | 11 | 38 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | | **38,465** | **15,712** |
| Вонредни расходи | 3.11. | 55 | 93 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | | **38,410** | **15,619** |
| **Данок од добивка** | 3.12. | **5,405** | **2,274** |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | | **33,005** | **13,345** |

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапувања.



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 4.1. | 88,088 | 52,663 |
| Побарувања по основ на продажба | 4.2. | 5,521 | 2,004 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 4.3. | 6 | 84 |
| Други краткорочни побарувања | 4.4. | 626 | 2,048 |
| Платени трошоци за идните периоди | 4.5. | 389 | 323 |
| Залихи | 4.6. | 1,408 | 1,856 |
| **Вкупно тековни средства** | | **96,038** | **58,978** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални и материјални средства | 4.7. | 77,800 | 77,909 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 4.8. | 6,611 | 6,627 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **84,411** | **84,536** |
| **Вкупна актива** | | **180,449** | **143,514** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4.9. | 2,175 | 2,098 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.10. | 0 | 43 |
| Останати краткорочни обврски | 4.11. | 4,014 | 2,839 |
| Одложени плаќања на трошоци | 4.12. | 9,021 | 7,312 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **15,210** | **12,292** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Капитал | 4.13. | 127,046 | 115,702 |
| Ревалоризациона резерва | 4.14. | 1,566 | 554 |
| Резерви | 4.15. | 3,622 | 1,621 |
| Нето добивка | 4.16. | 33,005 | 13,345 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **165,239** | **131,222** |
| **Вкупна пасива** | | **180,449** | **143,514** |

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапувања.

## П Р Е Г Л Е Д
## ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2004 ГОДИНА

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Акумулирана добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **115,702** | **1,621** | **554** | **-** | **117,877** |
| Добивка за финансиска 2004 година | | | | 33,005 | **33,005** |
| Распределба на добивката за 2003 година во корист на капиталот и резервите | 11,344 | 2,001 | | | **13,345** |
| Ревалоризациона резерва за годината | | | 1,012 | | **1,012** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **127,046** | **3,622** | **1,566** | **33,005** | **165,239** |

*Поради заокружувања на податоците искажани во финансиските извештаи во „000" денари, за истите постои можност на отстапувања.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2004 ГОДИНА

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | 2004/2003 |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **38,410** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 5,885 |
| Ревалоризација на амортизација | 74 |
| Трошоци од поранешни години и пресметани камати | 48 |
| Вонредни трошоци-невообичаени | 55 |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 1,659 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 388 |
| Приходи од вложувања во хартии од вредност | (596) |
| Данок од добивка | (2,954) |
| **Готовински текови од работење** | **42,969** |
| Побарувања по основ на продажба | (4,293) |
| Побарувања од поврзани субјекти | 78 |
| Други краткорочни побарувања | 1,422 |
| Платени трошоци за идните периоди | (66) |
| Залихи | (2,423) |
| Обврски спрема добавувачи | 77 |
| Примени аванси, депозити и кауции | (43) |
| Останати краткорочни обврски | 1,175 |
| Одложени плаќања на трошоци | 1,708 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **40,604** |
| | |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 32 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (5,211) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(5,179)** |
| | |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **35,425** |
| | |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **52,663** |
| | |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **88,088** |

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000" денари, за истите постои можност на отстапувања.